РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен 13, 2310 Виница, Р. С. Македонија
тел/факс: +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
str. Bel Kamen 13, 2310 Vinica, R.N.Macedonia
phone/fax +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

Врз основа на член 39 став 1 алинеа 1 од Статутот на општина Виница (Сл.Гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014 и 4/2019 и 12/2022), и член 39 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20,111/23, 171/24, 224/24, 40/25 и 101/25,127/25, 134/26) Градоначалникот на општина Виница предлага:

П Р Е Д Л О Г – О Д Л У К А

За пристапување кон изработка на Иницијатива за Изменување и дополнување на дел од ДУП за Блок 2 дел 4- град Виница, Општина Виница

Член 1

Од страна на комисијата за урбанизам се прифаќа иницијативата за пристапување кон изработка на **Изменување и дополнување на дел од ДУП за Блок 2 дел 4- град Виница, Општина Виница.** Согласно Закон за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20,111/23, 171/24, 224/24, 40/25 и 101/25,127/25, 134/26, 212/26), поднесена со арх.бр 11-569 од 27.10.2026 од **,, ИРИБОВ МК ДООЕЛ,, Виница.** Намената е Г2-Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија , а целта е обединување на парцелите кои се во сопственост на барателот на иницијативата во една градежна парцела..Површината на опфатот е 31832,487 м2.

Член 2

Средствата потребни за изработка на измената на Урбанистичкиот план опишан во член 1 од оваа Предлог – Одлука, ќе бидат на товар на предлагачот на иницијативата.

Член 3

Предлог – Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Виница

Предлагач:
Градоначалник
Митко Костадиновски
